Република Северна Македонија

**Министерство за животна средина и просторно планирање**

Republika e Maqedonisë së Veriut

**Ministria e Mjedisit Jetësor dhe Planifikimit Hapësinor**

СЕКТОР ЗА ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ

Арх.бр. УП1-15 97/2021
Дата...10.-02-.2021

Врз основа на член 88 од Законот за општа управна постапка ("Службен весник на Република Македонија" бр. 124/15 и 76/20), а во врска со член 4, став 3 од Законот за спроведување на Просторниот план на Република Македонија ("Службен весник на Република Македонија" бр.39/04) и член 42 став 9 од Законот за урбанистичко планирање ("Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 32/20), министерот за животна средина и просторно планирање, го донесе следното:

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за Услови за планирање на просторот**

1. Со ова Решение на Министерство за транспорт и врски, се издаваат Услови за планирање на просторот за изработка на **Урбанистички план за подрачја и градби од државно значење за изградба на фотонапонски електроцентрали со моќност до 100 MW, на локација Осломеј 3: КО Србица вон град, КО Премка и КО Шутово, Општина Кичево**.

Површината на планскиот опфат изнесува 143,66 ha. Просторот за изградба е поранешно одлагалиште од ТЕЦ Осломеј.

На овој простор ќе се определат градежни парцели за изградба на фотонапонски електроцентрали со потребни пратечки содржини со наменска употреба на земјиштето:

– Група на класи на намени: Г - рударство, енергетика, индустрија

– Основна класа на намена: Г3 - индустрија за склопување на финални производи, сервисни услуги и производство на енергија од обновливи извори

– Г 3.7 - ветерни електрани, сончеви електрани, мали хидроелектрани, електрани на биогориво и сл.

Локацијата за која се наменети Условите за планирање на просторот се наоѓа во граници на Просторниот план на регионот на сливот на реката Треска заради што е неопходно да се почитуваат планските определби од овој регионален просторен план.


Министерство за животна средина и просторно планирање
на Република Северна Македонија
Плоштад „Пресвета Богородица" бр. 3, Скопје
Република Северна Македонија

Ministria e Mjedisit Jetësor dhe Planifikimit
hapësinor e Republikës së Maqedonisë së Veriut
Bul. "Presveta Bogorodica" nr. 3, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut

+389 2 3251 403
www.moepp.gov.mk

2. Условите за планирање на просторот од точка 1 на ова Решение, изработени од Агенцијата за планирање на просторот со тех.бр. **Y00121** се составен дел на Решението.

3. Условите за планирање на просторот за изработка на **Урбанистички план за подрачја и градби од државно значење за изградба на фотонапонски електроцентрали со моќност до 100 MW, на локација Осломеј 3: КО Србица вон град, КО Премка и КО Шутово, Општина Кичево**, содржат општи и посебни одредби, насоки и решенија и заклучни согледувања со обврзувачка активност од планската документација од повисоко ниво и графички прилози кои претставуваат Извод од планот.

4. При изработка на планската документација локациите за сите содржини треба да се бараат исклучиво на површини од послаби бонитетни класи. Приоритет е заштита на земјоделското земјиште, а особено стриктно ограничување на трансформацијата на земјиштето од I-IV бонитетна класа за неземјоделско користење, како и зачувување на квалитетот и природната плодност на земјиштето.

5. Со цел да се обезбеди заштита и унапредување на животната средина при изработка на **Урбанистички план за подрачја и градби од државно значење за изградба на фотонапонски електроцентрали со моќност до 100 MW, на локација Осломеј 3: КО Србица вон град, КО Премка и КО Шутово, Општина Кичево** потребно е да се почитуваат одредбите пропишани во Законот за животна средина ("Сл.весник на РМ" бр. 53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/10, 124/10, 51/11, 123/12, 93/13, 187/13, 42/14, 44/15, 129/15, 192/15, 39/16 и 99/18) како и подзаконските акти донесени врз основа на истиот.

6. Донесувачот на **Урбанистички план за подрачја и градби од државно значење за изградба на фотонапонски електроцентрали со моќност до 100 MW, на локација Осломеј 3: КО Србица вон град, КО Премка и КО Шутово, Општина Кичево** е должен да донесе Одлука за спроведување или Одлука за не спроведување на Стратегиска оцена на животната средина (СОЖС), во која треба да се образложени причините за спроведувањето односно неспроведувањето, на начин и постапка пропишани со Законот за животната средина („Службен весник на Република Македонија" бр. 53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/10, 124/10, 51/11, 123/12, 93/13, 187/13, 42/14, 44/15, 39/16, 99/18)


Министерство за животна средина и просторно планирање
на Република Северна Македонија
Плоштад „Пресвета Богородица" бр. 3, Скопје
Република Северна Македонија

Ministria e Mjedisit Jetësor dhe Planifikimit
hapësinor e Republikës së Maqedonisë së Veriut
Bul. "Presveta Bogorodica" nr. 3, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut

+389 2 3251 403
www.moepp.gov.mk

СЕКТОР ЗА ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ

При донесувањето на Одлука за спроведување или Одлука за не спроведување на стратегиска оцена за **Урбанистички план за подрачја и градби од државно значење за изградба на фотонапонски електроцентрали со моќност до 100 MW, на локација Осломеј 3: КО Србица вон град, КО Премка и КО Шутово, Општина Кичево**, задолжително да се земат во предвид насоките за потреба од спроведување на Стратегиска оцена на влијанието врз животната средина, како и забелешките и заклучоците од секторските области опфатени со Просторниот план на Република Македонија.

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

**Министерство за транспорт и врски**, врз основа на член 42 став 4 од Законот за урбанистичко планирање ("Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 32/20), со постапка бр. 33348 од 31.12.2020 год. до Агенцијата за планирање на просторот, преку електронскиот систем е-урбанизам, достави барање за издавање на Услови за планирање на просторот за изработка на **Урбанистички план за подрачја и градби од државно значење за изградба на фотонапонски електроцентрали со моќност до 100 MW, на локација Осломеј 3: КО Србица вон град, КО Премка и КО Шутово, Општина Кичево**. Површината на планскиот опфат изнесува 143,66 ha.

Согласно член 42 став 8 од Законот за урбанистичко планирање ("Сл. весник на РСМ" бр. 32/20), Агенцијата за планирање на просторот ги изработи Условите за планирање на просторот за изработка на **Урбанистички план за подрачја и градби од државно значење за изградба на фотонапонски електроцентрали со моќност до 100 MW, на локација Осломеј 3: КО Србица вон град, КО Премка и КО Шутово, Општина Кичево** и ги достави до Министерството за животна средина и просторно планирање под бр. УП1-15 97/2021 од28.01.2021 година.

Условите за планирање на просторот се издаваат за изработка на **Урбанистички план за подрачја и градби од државно значење за изградба на фотонапонски електроцентрали со моќност до 100 MW, на локација Осломеј 3: КО Србица вон град, КО Премка и КО Шутово, Општина Кичево**, претставуваат влезни параметри и смерници при планирањето на просторот и поставувањето на планските концепции и решенија по сите области релевантни за планирањето на просторот.


Министерство за животна средина и просторно планирање
на Република Северна Македонија
Плоштад „Пресвета Богородица" бр. 3, Скопје
Република Северна Македонија

Ministria e Mjedisit Jetësor dhe Planifikimit
hapësinor e Republikës së Maqedonisë së Veriut
Bul. "Presveta Bogorodica" nr. 3, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut

+389 2 3251 403
www.moepp.gov.mk

СЕКТОР ЗА ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ

Заклучните согледувања, дефинирани во Условите за планирање на просторот кои произлегуваат од "Просторниот план на Република Македонија" и Просторниот план на регионот на сливот на реката Треска, претставуваат обврзувачки активности во понатамошното планирање на просторот.

Врз основа на горенаведеното, а согласно член 88 од Законот за општа управна постапка ("Сл. весник на РМ" бр. 124/15 и 76/20), Министерството за животна средина и просторно планирање го донесе ова Решение на Услови за планирање на просторот за изработка на **Урбанистички план за подрачја и градби од државно значење за изградба на фотонапонски електроцентрали со моќност до 100 MW, на локација Осломеј 3: КО Србица вон град, КО Премка и КО Шутово, Општина Кичево** и одлучи како во диспозитивот.

**Упатство за правно средство:** Против ова Решение засегнатата јавност и органот кој го подготвува планскиот документ може да изјави жалба во рок од 15 (петнаесет) дена од денот на приемот на ова Решение до Државната Комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен.

Република Северна Македонија МИНИСТЕРСТВО ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА И ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ Скопје
MINISTRIA E MJEDISIT JETËSOR DHE PLANIFIKIMIT HAPËSINOR Shkup Republika e Maqedonisë së Veriut

МИНИСТЕР
Naser Nuredini

Изготвил: Дајана Марковска Ристеска

Одобрил: Неби Реџепи


Министерство за животна средина и просторно планирање на Република Северна Македонија
Плоштад „Пресвета Богородица" бр. 3, Скопје
Република Северна Македонија
Ministria e Mjedisit Jetësor dhe Planifikimit hapësinor e Republikës së Maqedonisë së Veriut
Bul. "Presveta Bogorodica" nr. 3, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut
+389 2 3251 403
www.moepp.gov.mk